сврзани со военo-политичката стратегија на востанието, сојузништвото во него, меѓународните односи во 1903 година, т.е. дипломатските аспекти на големите сили спрема Македонија пред и по подигнувањето на македонскиот народ на востание. Во одделни реферати и дискусии се истакнаа селските белези на востанието, потоа учеството на македонските социјалисти во него и друго. Интерес предизвикаа дискусиите околу прашањето дали Австро-Унгарија имала намера да изврши анексија во Македонија, присвојувањето на Илинденското востание од некои антимарксистички историографии, преговорите и обидите на отворање на задгранични претставништва на Македонската револуционерна организација и друго. Мошне дискутабилни беа прашањата околу именувањето на чинот — република и востание: Крушевска република или Крушевска социјалистичка република, Илинденско востание или Илинденска револуција, при што се рече дека Илинденската револуција е посложен процес и подолготраен, кој траел долго време, а Илинденското востание е дел од таа револуција. За поголем дел од овие прашања, ставови и согледувања, беа дадени соодветни одговори со нови сознанија на македонската историографија, а градени врз основа на најнови архивски истражувања. Друг дел пак од прашањата и проблемите ќе го побараат своето вистинско историско доточнување на идните понатамошни продлабочени проучувања. Впрочем, изградените ставови во идните научни собири за оваа проблематика, а организирани од Советот „Десет дена Крушевска република", кои прераснуваат во традиционални, ќе дадат нови соодветни согледувања и доточнувања за одделни прашања и настани сврзани со Илинденското востание и Крушевската република.

Александар ТРАЈАНОВСКИ

## ОСВРТ НА ТРИЕСЕТГОДИШНАТА АКТИВНОСТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА — Скопје

На 22 јули 1978 година се навршија три децении од постоењето и плодната научно-истражувачка дејност на Институтот за национална историја на СР Македонија. Во овој триесетгодишен период од неговото основање, не толку долг временски интервал, оваа републичка научна институција израсна и се потврди во земјата и во светот како ценета научна организација, која ја започна својата работа со скромни кадровски, просторни и други услови.

Сè до победата на нашата Социјалистичка револуција не постоеја реални услови за објективно научно проучување на историското минато на македонскиот народ и народностите што живеат во Македонија. Македонската национална самобитност и историја беа фалсификувани, искривувани, па и присвојувани од балканските хегемонистички буржоазии. Имено, балканските буржоаски историографии го проучуваа минатото на македонскиот народ ненаучно и

тенденциозно и во духот на својата империјалистичка кауза „да го докажат своето право на приклучување кон своите граници на Македонија и македонскиот народ".

За жал, такви хегемонистички илузии и однос сè уште се присутни кај некои балкански земји, проучувајќи го македонското минато ненаучно, тенденциозно и од аспект на псевдо-марксистички и буржоаски историографски пристап.

Македонскиот народ и народностите во Македонија со извојувањe на национална и социјална слобода во рамките на Социјалистичка ДФ (ФНР — СФР) Југославија на чело со Јосип Броз Тито, беа создадени сите потребни услови за слободен несметан развиток на македонска историска наука. Со започнување на творечката дејност на Институтот за национална историја во јули 1948 година, со Уредба на Владата на НР Македонија, практично беше оживотворена една од првите одлуки на АСНОМ за организирање на ваква историска научна институција на македонскиот народ, со основна цел — да ја проучува историјата на македонскиот народ, народностите и другите етнички групи што живеат на македонското подрачје. Тогаш на заседанието на АСНОМ на 2 август 1944 година кога Македонија сè уште не беше ослободена, во рефератот *„Народно-демократската власт во Македонија"* меѓу другото стои *„Не можам да пропуштам, а да не ја спомнам нужноста од организирање на еден знанствен — научен Институт, кој да се нагрби со прибирање и подготвување на оној историски и научен материјал, од кој има потреба нашата Народноослободителна борба, како сега така и по ослободувањето. Тоа го бара утрешната заштита на нашата кауза. За та цел, треба да се приберат сите оние луѓе, што се занимават со наука и да им се определи таа одговорна работа"* (подвлекол Л. Л.).

Таа дамнешна пламена желба на македонскиот народ беше остварена четири години по Одлуката на АСНОМ (1948 год.) и по форма и по содржина. Имено, Институтот за национална историја својата дејност ја започна со неколку борци од НОВ и Илинденскиот период, за денес по триесет години да прерасне во високо развиена научна институција, со 54 постојано вработени (не сметајќи ги надворешните бројни научни работници), од кои 43 со научно-стручни звања, избрани според Законот за организација на научните дејности. Меѓу нив има 15 доктори по историски науки, 6 магистри, а во фаза на изготвување се неколку докторски и магистерски дисертации од вработените во Институтот. За ваквата перманентна и планомерна политика за кадровското изградување и издигнување на Институтот, колку е заслуга на правилната организациона поставеност на Управата и самоуправните органи и општествено-политички организации во Институтот, исто толку е значаен и придонесот на највисоките македонски државно-партиски форуми и целата македонска заедница во целина.

Треба да истакнеме дека за овие изминати триесет години, македонската млада историска наука преку овој Институт и Катедрата за историја уште во почетокот од нејзиниот развиток ѝ се овозможи да се развива и пројави како вистинска наука, а не како слугинка на политички и националистички цели на владеачката буржоазија каква што била судбината на сите историски науки во буржоаските општества. Ослободени од таквиот баласт, македонските историчари, покрај основната цел и задача, си поставија пред себе обврска да ги исчистат сите дотогашни историски фалсификувања и заблуди за историјата на Македонија, на буржоаските историографии на бројни македонски завојувачи и да се прикаже објективно и научно макотрпното, но богато со бурни настани херојско минато на македонскиот народ и народностите.

Поради ваквите напластени фалсификувања, искривување и присвојување на минатото на македонскиот народ, Институтот преку неговите соработници беше соочен пред многубројни тешкотии, но имаше и благородна задача — да се исчистат дотогашните фалсификувани наноси, со децении таложени и да се пристапи кон едно објективно интерпретирање на историското бурно минато на македонскиот народ. Поставени во вакви рамки и на објективна марксистичка основа, Институтот својата научно-истражувачка активност ја остварува преку своето долгорочно планирање. Имено, при изготвувањето на научните програми се водело и се води сметка, тие да ги изразуваат интересите и потребите на нашата историска наука и на општеството во целина. Тие во основа се ориентирани кон проучување на фундаменталните проблеми од нашето историско минато, како база за изготвување на синтетизирани историски монографии. Како резултат на ваквата планомерна научна програма, Институтот успешно ги реализира сите досегашни поставени задачи и ги преточил во вредни научни трудови.

Покрај монографската обработка на разновидни по својот карактер научни трудови, Институтот од самото формирање, па низ целоит тек од своето постоење посебно се ориентира кон прибирање на архивска документација, мемоарски и други изворни материјали преку архивски истражувања во земјата и странство и истите сукцесивно ги публикува (на пример Извори за ослободителната војна и Револуцијата во повеќе томови, Зборникот — Жените на Македонија во НОБ 1941 — 1945, Спомените на Ѓорче Петров и други македонски револуционерни активисти.

Покрај реализацијата на редовната тековна програмска петгодишна програма, Институтот е иницијатор и носител на повеќе научно-истражувачки проекти (Историјата на СКЈ, СКМ, Проектот за Југоисточна Европа и други), потоа во изготвување на монографии за одделни македонски градови, од кои повеќе досега се публикувани и друго.

Во текот на ова триесетгодишно постоење и творечка дејност, Институтот за национална исто-

рија постигна осведочени резултати со кои ја афирмира македонската наука во земјата и во светот. Една од најзабележителните резултати на Институтот е секако неговата богата и разновидна издавачка дејност. За да не би била нашата констатација само гола фраза, ќе ја поткрепиме со конкретни показатели. Имено, од перата на научно-стручните работници од Институтот досега се публикувани преку 2.000 научни, научно-популарни и документарни монографии, зборници, статии, брошури, рецензии, библиографии и други изданија. На овој издавачки план значајно место зазема неговото списание „Гласник" кој како четиримесечно гласило започна да излегува од 1957 година. Основната цел и задача на Гласникот е да ги публикува трудовите на нашите научни работници и сите македонолози од странство, кои објективно, научно ја обработуваат македонската историја. Меѓутоа, од целокупниот издавачки опус на Институтот, секако централно и најзначајно место зазема изготвувањето и публикувањето на *првата научна тритомна Историја на македонскиот народ* во 20.000 примероци, која досега е преведена и објавена на српскохрватски јазик, во скратена верзија на македонски и руски јазик, а престои нејзино печатење и на другите странски јазици и јазиците на народностите на Југославија.

Покрај издавачката дејност, мошне значаен пункт во научната актива во Институтот претставува одржувањето на научни студиски денови, учеството на научни собири и конгреси во земјата и странство и други форми. Преку нив, всушност македонските историчари ја шират вистината за макотрпното, но бурно херојско минато на македонскиот народ, филсифицувано, негирано и присвојувано од многубројни завојувачи.

Инаку, целокупната научно-стручна дејност Институтот ја остварува преку своите соработници, групирани во научни и стручни одделенија кои секое за себе си преставува мини—институт во рамките на Институтот. За да се добие порелјефна слика за нив, ќе ги наведеме во оригиналниот назив под кои делуваат и тоа следните научни одделенија: Одделение за античка и средновековна историја, Одделение за Османскотурски период, Одделение за национално-револуционерно ослободително движење, Одделение за работничко и комунистичко движење и најнова историја (повоен период на социјалистичката изградба на Македонија) и Балканолошко одделение. Потоа стручни одделенија и тоа: Одделение за мемоари, реферати и биографии, Одделение за библиографии и документација, и Библиотеката (со најбогат книжевен фонд за историјата на македонскиот народ).

Треба да истакнеме дека сите проблеми и прашања што се поставуваа и се поставуваат пред Институтот, било да се од научно-стручен, финансиски, правен или општ карактер, се решавани преку самоуправните органи во Институтот (Работнички совет во

проширен состав со делегирани претставници од надвор, потесен состав од работниците од Институтот, Научен совет, разни комисии, органи и други тела), почитувајќи ги при тоа сугестиите, ставовите, предлозите и мислењата на Основната организација на СКМ и други општествено-политички организации што активно делуваат во овој Институт.

На крајот да завршимес о максимата — јубилејниот триесетгодишен празник на Институтот и нашата историска наука е всушност и празник на целиот македонски народ и народностите во Македонија.

Лазар ЛАЗАРОВ

## СТРУМИЦА И СТРУМИЧКО ВО НОВ ОД 1941 ДО СЕПТЕМВРИ 1943

Во просториите на домот на Југословенската народна армија во Струмица, од 15 до 17 мај 1978 година, се одржа научен собир на тема „СТРУМИЦА И СТРУМИЧКО ВО НОВ ОД 1941 до СЕПТЕМВРИ 1943".

Организатор на собирот беше Општинскиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ — Струмица. Покрај учесниците на собирот присуствуваа: претсдателот на МАНУ академикот, Михајло Апостолски; Вера Ацева, член на советот на Федерацијата и други јавни, културни и општествено-политички работници. На 15 мај во 9 часот собирот го отвори потпретседателот на Организациониот одбор, Ѓорѓи Стоев — Трнката. Во својот пригоден говор тој ги поздрави присутните гости и учесници на собирот. Потоа собирот го поздрваија и им посакаа на учесниците плодна работа: Мара Минанева, претседател на Организациониот одбор; Димитар Стоев, претседател на Општинското собрание на град Струмица; академикот Михајло Апостолски, д-р Миле Тодоровски и Илија Јосифовски. Во работниот дел на овој научен собир беа презентирани 51 реферат, а зедоа учество над 60 учесници, кои од најразлични аспекти ја третираа проблематиката на Народноослободителната војна на револуционерниот град Струмица и неговите села го годините 1941 до септември 1943 година.

Врз база на постојната документација, а делумно и врз мемоарски материјали, учесниците на научниот собир дадоа значаен придонес за расветлување на богатото минато од времето на Револуцијата и за разрешување на редица моменти и проблеми од предвечерието на Војната и порано, кои се секако со трајна вредност за македонската историја и за историјато воопшто.

Со желба поблиску да го запознаеме читателот со содржината на собирот ќе се обидеме да одбереме неколку успешни прилози, кои го илустрираат расположението на народот од струмичкиот крај во немирните и бурни години од НОБ и Револуцијата.

Првиот реферат на тема „Историски претпоставки на Народноослободителната војна и Рево-